Јавно претпријатие за енергетски
дејности СТРУМИЦА-ГАС
Бр. 01-222/1
06.05. 20 26 год.
Струмица



# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО*
# *НА ЈПЕД СТРУМИЦА – ГАС ЗА*
# *ПЕРИОД од I – III месец 2026 год*

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ

СТРУМИЦА-ГАС

СТРУМИЦА

Април, 2026

**Општи информации**

Јавното претпријатие за енергетски дејности "Струмица-Гас" Струмица, ул. 24ти Октомври бр. 2, е основано со одлука на Советот на општина Струмица на седницата одржана 26.04.2010 година, со една единствена цел да ја отпочне и заврши гасификацијата на Струмица. Во одлуката за основање на истото како главни дејности од јавен интерес се наведени

- дистрибуција на природен гас;
- управување со системмот за дистрибуција на природен гас;
- снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас;
- производство на топлинска енергија;
- дистрибуција на топлинска енергија;
- снабдување со топлинска енергија;
- дистрибуција на геотермална енергија;
- снабдување со геотермална енергија и
- производство на енергија од обновливи извори.

Извештај за работењето

Работата во Јавното претпријатие за енергетски дејности "Струмица-Гас" Струмица во првиот квартал од 2026 година (Јануари – Март) се одвиваше во согласност програмата за работа за 2026 година.

Снабдувањето со природен гас на потрошувачите приклучени на гасоводниот систем се одвиваше нормално и без никакви проблеми.

Секојдневно се следеше потрошувачката на природен гас, работата на декомпресорската станица заедно со сите пропратни уреди, се асистираше при истоварувањето на полните и втоварувањето на празните МАТ модули од камионот на платформите за истовар.

Се вршеа редовни контроли на мерно регулаторните станици кај приклучените потрошувачи на природен гас, како и посети на истите, при кои посети се водеа

разговори со корисниците за нивното искуство и им се помагаше со совети за побезбедно и поекономично користење на уредите за природен гас.

ЈПЕД Струмица-Гас Струмица за периодот од 01.01.2026 до 31.03.2026 година има продадено вкупно 3.855.141 kWh природен гас .

Во месец Март 2026 година е извршено проширување за 100 метри должни на секундарната гасоводна дистрибутивна мрежа во УБ 5 на дел од улица "Кирил Тренчев , Зона Север ".

По завршувањето на грејната сезона во која што потрошувачката на гас е најголема беа проверени инсталираните мерно регулаторни станици на јавните институции и поголемите потрошувачи. Притоа се вршеа редовни контроли и проверка на нашата инсталирана опрема и се вршеше редовна дистрибуција и снабдување со природен гас на домаќинствата и стопанските објекти кои што го користат истиот за технолошки потреби.

| ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈПЕД СТРУМИЦА-ГАС СТРУМИЦА<br>ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2026 ДО 31.03.2026 | | | |
|---|---|---|---|
| | Опис | | |
| | 1. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | | 18.498.246,00 ден. |
| 1.1 | Приходи од субвенции | 2.000.000,00 ден. | |
| 1.2 | Приходи од продажба на гас | 16.336.196,00 ден. | |
| 1.3 | Приходи врз основа на камати од работењето | 162.036,00 ден. | |
| 1.4 | Останати приходи | 14,00 ден. | |
| | 2. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО | | 17.011.048,00 ден. |
| | 2.1 Материјални трошоци | 14.669.583,00 ден. | |
| 2.1.1 | Потрошен канцелариски материјал | | 96,00 ден |
| 2.1.2 | Потрошен помошен материјал | | 2.674,00 ден |
| 2.1.3 | Потрошен материјал (средства за чистење) | | 2.780,00 ден |
| 2.1.4 | Трошоци за гориво за генератор | | 1.417,00 ден |
| 2.1.5 | Трошоци за електрична енергија | | 39.721,00 ден |
| 2.1.6 | Трошоци за природен гас за сопствени потреби | | 118.856,00 ден |
| 2.1.7 | Трошоци за гориво за службено товарно возило | | 14.085,00 ден |
| 2.1.8 | Трошоци за ситен инвентар | | 1.599,00 ден |
| 2.1.9 | Набавна вредност на продаден гас | | 13.917.070,00 ден |
| 2.1.10 | Трошоци за ПТТ-услуги | | 39.235,00 ден |
| 2.1.11 | Трошоци за услуги за обезбедување на декомпресиска станица | | 470.564,00 ден |
| 2.1.12 | Трошоци за комунални услуги | | 8.316,00 ден |
| 2.1.13 | Трошоци за услуги за огласување на тендери во електронски и печатени медиуми, огласување на работни места | | 35.548,00 ден |
| 2.1.14 | Трошоци за останати услуги ( ИТ услуги, вагање на гас, карго услуги) | | 17.622,00 ден |
| | 2.2 Нематеријални трошоци | 509.131,00 ден. | |
| 2.2.1 | Трошоци за службено патување (гориво, патарини и паркинг) | | 5.416,00 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.2.2 | Трошоци за надомест за стручно усовршување | | 6.000,00 ден. |
| 2.2.3 | Трошоци за надомест на членови на УО и НО | | 58.333,00 ден. |
| 2.2.4 | Репрезентативни трошоци за угостителски услуги | | 26.080,00 ден. |
| 2.2.5 | Репрезентативни трошоци за бифе | | 5.720,00 ден. |
| 2.2.6 | Трошоци за банкарска провизија | | 14.520,00 ден. |
| 2.2.7 | Трошоци за комунални такси, административни такси и градежни такси и членарини | | 2.208,00 ден. |
| 2.2.8 | Трошоци за сертификат | | 2.207,00 ден. |
| 2.2.9 | Адвокатски и нотарски трошоци | | 8.540,00 ден. |
| 2.2.10 | Трошоци за централен регистар | | 3.803,00 ден. |
| 2.2.11 | Трошоци за надомест за стручно образование | | 4.974,00 ден. |
| 2.2.12 | Трошоци за камати од работењето, казни и пенали | | 1.415,00 ден. |
| 2.2.13 | Трошоци за загуби од гас( при полнење на ново изградена мрежа, од испуштање на гас во воздух при проверка на МРС,проверка и промена на филтри) | | 369.915,00 ден. |
| | 2.3 Бруто плата и отпремнина | 1.832.334,00 ден. | |
| 2.3.1 | Трошоци за бруто плата | | 1.740.448,00 ден. |
| 2.3.2 | Отпремнина за пензија | | 91.886,00 ден. |

Остварени резултати за период од 01.01.2026-31.03.2026 година за работењето на ЈПЕД "Струмица-Гас" Струмица.

За извештајниот период ЈПЕД "Струмица-Гас" Струмица има остварено приходи во износ од 18.498.246,00 ден.

Во истиот извештаен период се направени вкупни трошоци во износ од 17.011.048,00 ден. и тоа:

1. Материјални трошоци 14.669.583,00 ден.
2. Нематеријални трошоци 509.131,00 ден.
3. Трошоци за бруто плата и отпремнина 1.832.334,00 ден